УНИВЕРЗИТЕТСКИ СТОМАТОЛОШКИ КЛИНИЧКИ ЦЕНТАР „СВЕТИ ПАНТЕЛЕЈМОН"
QENDRA KLINIKE UNIVERZITARE E STOMATOLOGJISË "SHËN PANTELEJMON"
UNIVERSITY DENTAL CLINICAL CENTER "ST. PANTELEJMON"

Број: 03-719/1
13.05.2020 година
Скопје

ДО
ФЗО на Република Северна Македонија
До
Стоматолошка комора на Република Северна Македонија

**Предмет: Известување**

Почитувани,

Во врска со новонастанатите околности околу организација на пружање на стоматолошки здравствени услуги во услови на пандемија со Covid – 19 Ве известуваме следното:
По донесената одлука во ЈЗУ Универзитетски стоматолошки клинички центар Свети Пантелејмон Скопје да официјален центар за третирање на пациенти позитивни на вирусот, раководството на установата одржа стручен колегиум на кој се дискутираше за начинот на организација на работата како и комуникација со пациентите и колегите од другите здравствени установи и институции, по што донесовме соодветни заклучоци.
Наш предлог е пациентите со дијагностициран ковид – 19 кои имаат потреба од стоматолошка интервенција, да се пријават кај своите матични стоматолози на начин кој интерно ќе се уредува. Понатаму, матичниот стоматолог го пријавува пациентот за интервенција во ЈЗУ Универзитетски стоматолошки клинички центар Свети Пантелејмон Скопје по електронски пат - на следниот маил: contact@univdentalclinic.org.mk како и на телефонскиот број 078 380 529 кој функционира наменски исклучиво за овие услови. Доколку има потреба од упат, истиот го креира матичниот стоматолог и го доставува на маилот до нашата установа.

На тој начин се избегнува секој физички контакт со ризичните пациенти до моментот на посета на клиниката.

Доколку е прифатлив нашиот предлог, Ве молиме за истиот да бидат информирани сите матични стоматолози како би се олеснила комуниацијата и организацијата во интерес на работниот процес како и благовремена и сигурна интервенција на пациентите.

Со почит.

Директор

D-r spec. Amelia Capa

+389 2 3299 000
www.univdentalclinic.org.mk
contact@univdentalclinic.org.mk
Мајка Тереза 17,1000 Скопје Р.Северна Македонија | NënëTereza 17,1000 Shkup R.e Maqedonisë së Veriut| MotherTeresa 17,1000 Skopje R.of North Macedonia